# МАТЕМАТИЧКИ МЕТОДИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПОЛУФИКСНИ ТРОШОЦИ

*Владимир Јорданов*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје*
*Економски факултет*
e-mail: jordanov.vlad@gmail.com

Сметководството претставува процес на мерење, анализирање и споделување на финансиска и нефинансиска информација поврзана со економски ентитети. Со причина се кажува дека сметководството е „јазикот на бизнисот“. Информацијата која што се добива како резултат на дејноста има цел да помогне во донесување деловни одлуки, било тоа да се одлуки на самото претпријатие или на екстерните корисници (инвеститори, државата, итн.). Заради обемната природа на сметководството, тоа се дели на повеќе различни специјализирани домени како што се: финансиско сметководство, државно сметководство, управувачко сметководство, сметководство на трошоци и некои други. Фокусот на овој труд е на сметководството на трошоци. Специјално, ќе разгледуваме како се утврдува природата на полуфиксните трошоци во едно претпријатие, односно колкав дел од нив се фиксни и варијабилни. Ова е важно да се утврди поради тоа што вкупните фиксни трошоци остануваат исти независно од нивото на активност и обемот на производство, додека варијабилните трошоци се менуваат заедно со нив. Определување на овие сегменти на полуфиксните трошоци дава појасна слика за функционирањето на претпријатието, колкав дел од трошоците можат да се намалат, дали тоа може да се направи и кои би биле последиците. Двете најзначајни математички методи за остварување на оваа цел се методот високо-ниско и методот на најмали квадрати. Важно е да се утврдат карактеристиките на овие методи, т.е. во кои случаи се користат, како со нивна помош се пресметуваат фиксните и варијабилните трошоци, а и предностите и слабостите на примената на двата метода.